РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

Бр. 02-127/52
23.1.2024 година
Скопје

Врз основа на член 2, став 7 и член 3 од Правилникот за распределба на средствата за информативни, културни, спортски, студентски и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.580/2021), како и Одлуката бр.02-127/52 од 23.1.2024 година, донесена на 287. седница на Ректорската управа, се распишува

**ИНТЕРЕН КОНКУРС**
**за распределба на средствата за културни, спортски активности и други манифестации на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за 2024 година**

1. Со овој конкурс се распределуваат средствата наменети за културни и спортски активности и други манифестации.
Реализацијата на Конкурсот ќе биде во согласност со Правилникот за распределба на средствата за информативни, културни, спортски, студентски сервиси и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

2. **Корисници**

2.1. Учесници во културните и спортските активности и други манифестации, кои финансиски ги помага Универзитетот, се студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

2.2. Право да се пријават на Конкурсот од областа на културата, спортот и други манифестации имаат факултетите, факултетските студентски собранија и универзитетските организации, како здруженија на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, формирани согласно со закон (во продолжение: корисници).

3. **Критериуми**

3.1. Пријавените проекти по Конкурсот може да бидат организирани на ниво на универзитет или на ниво на факултет.

3.2. Предност ќе имаат:
- проектите кои имаат поголема вклученост на студентите;
- проектите кои традиционално ги организираат единиците на УКИМ (летни школи, културни манифестации, спортски натпревари и друг тип на активности);
- проектите со кои факултетот и факултетското собрание, преку заемна соработка, се јавуваат како заеднички апликант.

3.3. Дел од приходите остварени од уплатените средства на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за информативни, културни, спортски, студентски сервиси и други активности, наменски се распределуваат врз основа на доставената Пријава на проект (изготвена во Образец 1), согласно со добиениот приоритет од корисникот, и тоа:
- одделно за проектите од областа на културните активности;
- одделно за проектите од областа на спортските активности;
- одделно за проектите за други манифестации.

4. **Финансирање**

4.1. Финансиските средства за реализација на проектот на сметка на единицата се префрлуваат по донесувањето на Одлуката за распределба на средствата за културни, спортски активности и други манифестации на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2024 година, од страна на Ректорската управа.

4.2. Усвоениот Извештај за реализираниот проект на единицата од претходниот конкурс е услов за започнување на финансирањето по овој конкурс, но не подоцна од 31.12.2024 година.

4.3. Максималниот износ на вкупниот буџет по проект, за овој конкурс, изнесува до 250.000,00 денари.

5. **Постапка и рокови за реализација**

**5.1. Постапка:**

5.1.1. Пријавата по овој конкурс ги содржи елементите наведени во точка 6, од овој конкурс.

5.1.2. Пријавата се доставува преку архива до Комисија за култура и спорт и електронски на следната е-адреса: odd.nauka@ukim.edu.mk

**5.2. Рокови:**

5.2.1. Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето.

5.2.2. Конкурсот се објавува на 25.1.2024 година и трае заклучно со 8.2.2024 година.

5.2.3. Временски рок за доставување на Извештај за реализиран проект е согласно со временската рамка за реализација на активностите, наведена во пријавата за проектот, но не подоцна од една година од денот на префрлување на финансиските средства.

6. **Елементи на пријавата по Конкурсот:**

6.1. При пријавување на Конкурсот, се доставува:

6.1.1. Пријава на проект со преглед на предвидени средства (Образец 1)

6.1.2. Универзитетските организации, како здруженија на студентите на Универзитетот, формирани согласно со закон, доставуваат:

- Пријава на проект со преглед на предвидени средства (Образец 1);
- Годишна програма за работа;
- доказ дека субјектот е универзитетска организација (тековна состојба од Централниот регистар на РСМ и Статут).

6.2. Комисијата за култура и спорт го задржува правото да побара дополнителна документација, доколку е потребно.

7. **Елементи на Извештајот за реализација**

7.1. Субјектите, корисници на средствата, на кои ќе им биде прифатена Пријавата за реализација на проект, должни се доделените средства да ги трошат наменски согласно со Одлуката на Ректорска управа и во проценти согласно со искажаните проценти во Образецот 1.

7.2. Корисниците на средствата се должни за секој поединечно реализиран проект да достават:

- Извештај за реализиран проект, искажан во Образец 2,
- Прилог кон Извештајот, кој ги содржи сите докази за направените трошоци, во согласност со утврдените проценти по ставки (фактури, фискални сметки и други релевантни докази за наменско трошење на средствата).

7.3. Извештајот за реализација на проектот се доставува преку Комисијата за култура и спорт, до Комисијата за финансии, инвестиции и развој на Универзитетот. Одлука по усвоените извештаи донесува Ректорската управа.

**8. Прилози:**

8.1. Прилог на Конкурсот се:

- Образец 1, со кој се поднесува Пријава на проект, со преглед на предвидени средства за реализација, и
- Образец 2, со кој се доставува Извештај за реализиран проект.

**Ректорска управа**

**Проф. д-р Биљана Ангелова, ректор**